Врз основа на член 20, член 24 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19) а во врска со поднесеното барање од Здружение на инженери на Република Македонија преку Дениз Мустафаоглу, ул. Стево Црвенковски бр. 24/1-9, Скопје, од 28.11.2023 година (стигнато преку екектронска пошта), Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр.-Nr. 03-7154/1
13.12. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**РЕШЕНИЕ**

Се **ОДБИВА** барањето на Здружение на инженери на Република Македонија преку Дениз Мустафаоглу, ул. Стево Црвенковски бр. 24/1-9, Скопје, од 28.11.2023 година (стигнато преку екектронска пошта), за пристап до информации од јавен карактер.

На барателот Здружение на инженери на Република Македонија преку Дениз Мустафаоглу, ул. Стево Црвенковски бр. 24/1-9, Скопје не му се овозможува да се запознае со содржината на бараната информација во електронска форма по е-маил.

**Образложение**

Барателот на информации од јавен карактер Здружение на инженери на Република Македонија преку Дениз Мустафаоглу, ул. Стево Црвенковски бр. 24/1-9, Скопје на ден 28.11.2023 година по електронски пат достави барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Барателот ја бара следната информација:

- Извод од евиденцијата на паднатите столбови (далекуводи) во период јануари 2019-ноември 2023 со следните податоци:
  - Датум кога е далеководот паднат;
  - Колку киловотен далековод е паднат;
  - Локација каде далеководоте е паднат (координати)

Информацијата ја бараат табеларно и во форма на мапа.

Информацијата ја бараат во форма на електронски запис по е-маил.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето оцени дека треба да постапи согласно член 20, став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како и член 13 од Упатството за начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Притоа, Имателот на информации го имаше во предвид Правилникот за деловна тајна на Друштвото согласно кој како исправа која што претставува деловна тајна се сметаат исправите пишувани на рака, на машина, на компјутери, печатени, скицирани планови, шеми, графикони, филмови, фотографии, снимки на магнетофонски ленти, проекти, мостри, модели и се друго што може да послужи за сознавање на деловна тајна.

При донесувањето на одлуката го имаше во предвид јавниот интерес но ценеше дека со објавувањето на бараните информации кои се специфични со оглед на дејноста којашто ја извршува компанијата, ќе се предизвика штета на имателот или на трети лица и поради тоа над јавниот преовлада заштитниот интерес.

Со горенаведеното, АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје постапи согласно член 13 од Упатството за начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение баралелот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје
Генерален директор,
Зухди Енуз

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но: Барател Дениз Мустафаоглу
Службени лица за посредување со ИЈК
Архива

( Образец ПП……)

**До:** АД МЕПСО

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:**

ИНЖЕНЕРИ НА РМ - ДЕНИЗ МУСТАФАОГЛУ
Ул. Стево Црвенковски Бр. 24/1-9, СКОПЈЕ
телефон 070 226 275;
Е-маил: deniz_mustafaoglu@inzenerinarm.org

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Извод од евиденцијата на паднатите столбови (далекуводи) во период јануари 2019 – ноември 2023 година со следите податоци:

- Датум кога е далекуводот паднат
- Колку киловолтен далекувод е паднат
- Локација каде далекуводот е паднат (координати),

Информацијата доставете ни ја табеларно и во форма на мапа

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Скопје, 28.11.2023 година**